РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 03-204
09.07.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 98 став 2 од цитираниот Закон, член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/15), точка 5 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4241/1 од 1.10.2025 г., Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2416/1 од 9.6.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-2680/5 од 8.7.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 24 седница одржана на 8.7.2026 г., го донесе следното

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (ПНРТ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 4 мај 2026 година, во забавно-документарната емисија „Авантурите на Марк“ и во забавната говорна шоу програма „Мојот пат до успехот“, беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2416/1 од 9.6.2026 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПНРТ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## Образложение

Агенцијата врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка - јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 98 став 2 од ЗАВМУ правилата за новите рекламни техники ги пропишува Агенцијата, а согласно 14 став 4 од ПНРТ, меѓу двете вметнувања реклами на поделен екран треба да помине период од најмалку 15 минути.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 8 јуни 2026 г., изврши редовен, програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 мај 2026 г., на државно ниво, при што контатираше прекршувања на член 98 став 2 од ЗАВМУ и на член 14 став 4 од ПНРТ.

Имено, со надзорот е констатирано дека на 4 мај 2026 година, на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, во забавно-документарната емисија „Авантурите на Марк“ и во

забавната говорна шоу програма „Мојот пат до успехот“, беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2416/1 од 9.6.2026 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје на 11.6.2026 г., испрати Допис арх.бр.10-2416/2 од 11.6.2026 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2416/1 од 9.6.2026 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави појаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и ПНРТ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 12.6.2026 година. Во предвидениот рок, односно на 12.6.2026 г., ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје до Агенцијата достави Писмено појаснување наш арх.бр.10-2416/3 од 12.6.2026 година. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 8.7.2026 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено појаснување од радиодифузерот и заклучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 98 став 2 од цитираниот Закон, член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, точка 5 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2416/1 од 9.6.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-2680/5 од 8.7.2026 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ и ПНРТ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 8.7.2026 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПНРТ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2416/1 од 9.6.2026 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 09.06.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2416/1 | | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 мај 2026 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 8 јуни 2026 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Член 50-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на личните податоци на малолетните лица);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица – пречистен текст** (Бр. 01-4898/1 од 22.11.2024)
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи - пречистен текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);
   - **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (Бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 мај 2026 година, на државно ниво, **констатирани се прекршувања на членот 98 став 2** (*услови за рекламирање и телешопинг*) од **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** односно на **членот 14 став 4** од **Правилникот за нови рекламни техники** (*Меѓу две вметнувања реклами на поделен екран треба да помине период од најмалку 15 минути*).

Во забавно-документарната емисија **„Авантурите на Марк“** и во забавната говорна шоу програма „Мојот пат до успехот“, спротивно на членот 14 став 4 од Правилникот, беа емитувани поп-ап / реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

4 мај 2026

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитувањето** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| **„Авантурите на Марк“** - забавно-документарна емисија | **05:39:43** | **06:29:54** |
| **Рекламирање на поделен екран** | | |
| Кристал | 05:46:43 | 05:46:52 |
| Уни Банка | 05:48:02 | 05:48:10 |
| Уни Банка | 05:50:40 | 05:50:50 |
| President salakis tradicional | 05:55:13 | 05:55:20 |
| NEPTUN | 06:00:13 | 06:00:22 |
| President salakis tradicional | 06:03:50 | 06:03:57 |
| Sarajeva Steak House | 06:07:08 | 06:07:14 |

4 мај 2026

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитувањето** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| **„Мојот пат до успехот“- забавна говорна шоу програма** | **11:35:52** | **12:26:13** |
| **Рекламирање на поделен екран** | | |
| PVC Aluminiums systems Teodori | 11:42:19 | 11:42:26 |
| Лав комерц | 11:52:06 | 11:52:14 |
| PVC Aluminiums systems Teodori | 12:08:46 | 12:08:54 |
| Лав комерц | 12:18:34 | 12:18:42 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники**, на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 мај 2026 година, во забавно-документарната емисија „Авантурите на Марк“ и во забавната говорна шоу програма „Мојот пат до успехот“, беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

9. **Предлог мерка: /**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***